РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1268/1
18-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-3072/1 од 24.11.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за непостапување на Општина /// во врска со незаконско градење на територијата на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување а предметот ќе го достави на натамошно надлежно постапување на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Предметот со број 12-3072/1 од 24.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 24.11.2025 година, поднесена е пријава со наводи за непостапување на Општина /// во врска со незаконско градење на територијата на Општина /// и оформен е предмет број 12-3072/1 од 24.11.2025 година. Наводите во пријавата се однесуваат на сомневање за непостапување на органите на општината во врска со незаконско градење на територијата на Општина ///, на место викано /// во близина на ///, кадешто во периодот од 2020 до 2025 година наводно биле бесправно изградени повеќе објекти, со што била овозможена нелегална урбанизација.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до Општина ///.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на Барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
На локалитетот посочен во пријавата доставена до ДКСК – место викано /// во близина на ///, локалитет којшто датира од пред изградбата на градот ///, се протега на должина од околу 6 километри и на којшто се наоѓаат значајни историски објекти, има изградено повеќе од 100 викенд-куќи за кои пред Општина /// била спроведена постапка за легализација согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти.
Општина /// во периодот од 2020 до 2025 година немала водено постапка за донесување на детален урбанистички план со којшто би бил опфатен и овој локалитет и во истиот период нема издавано ниту одобренија за градење.
Во периодот од 2020 до 2025 година од страна на овластениот градежен инспектор на Општина /// не биле извршени други инспекциски надзори на посочената локација освен еден инспекциски надзор по допрен глас при кој било констатирано постоење на нелегален објект, за што било донесено Решение за негово отстранување.

Општина /// нема примено и нема постапувано по пријави со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, а предметот ќе го достави на натамошно надлежно постапување на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам , по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk